Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 44, 16 август 2010 година

август 2010 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научното подрачје економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научното подрачје економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научното подрачје економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 14

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области: педагогија, образование на наставници и елементарно образование на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 18

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент по предметите Вовед во новинарство и Новинарство во печатени и електронски медиуми на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 28

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ ЕКОНОМСКИ НАУКИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2602-68/3 од 17.5.2010 година, донесена на 26. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 17.5.2010 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање доцент за наставно-научното подрачје ***економски науки*** на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник" и „Лајм", на 5 мај 2010 год., и во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Билјана Петревска.

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 124 и 125 од Законот за високото образование и чл. 6, 36, 37 и 38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, како и врз основа на приложената документација и познавањето на кандидатката, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логитика да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Билјана Петревска** е родена на 10 септември 1973 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Охрид со континуиран одличен успех. Дипломира во 1996 година на тема „Стратегиско планирање на туристичкиот производ", под менторство на проф. д-р Васил Мојсоски, со просечен успех од 9,74 и се стекнува со звање ***дипломиран организатор по туризам и угостителство***.

Како резултат на одличните постигнувања за време на студирањето, доделени ѝ се повеќе награди: пофалница за најдобар студент на генерацијата на Факултетот за туризам и угоститетлство - Охрид (1996), признание за најдобар студент според Студентската организација при Факултетот за туризам и угостителство - Охрид (1996), пофалница за најдобар студент во генерацијата при Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола (1997) и пофалница за најдобар студент во својата генерација по повод прославата за 20-годишнината од формирањето на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид (1998).

Во учебната 1996/97 година се запишува на постдипломски студии на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид, на насоката Меѓународен туризам. Во 2001 година - со просечна оценка на студирањето од 9,33 - ја одбранува магистерската теза со наслов „*Примена на стратегиско планирање во туристичкото стопанство во Република Македонија*", под менторство на проф. д-р Лидија Симонческа, и се стекнува со академски степен ***магистер на науки од областа на туризмот и угостителството***. Во 1999 година, на Филозофскиот факултет во Скопје се стекнува со диплома за педагошко-психолошка и методска подготовка за вклучување во образовен процес. Во 2010 година, на Економскиот факултет - Скопје ја одбранува докторската дисертација на тема „*Економско планирање на развојот на туризмот во Македонија*", под менторство на проф. д-р Сашо Ќосев, и се стекнува со научен степен ***доктор по економски науки.***

Работно искуство стекнува во меѓународни невладини организации (Совет на Европа и Програмата за развој на Обединетите нации), каде е одговорна за реализација на многубројни програми, проекти и активности.

Одлично го говори англискиот јазик, а има и солидни познавања и од германскиот јазик.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Добиените теоретски сознанија д-р Билјана Петревска ги применува во научноистражувачка дејност, при што е автор/коавтор на научни и стручни трудови објавени во специјализирани списанија, а добиените резултати ги прикажува пред меѓународната и домашната јавност на повеќе научни конференции и стручни собири одржани во земјава и во странство.

Поширокиот интерес на кандидатката е од областа на економското планирање и туристичкиот развој, додека потесниот научен интерес ги покрива областите на стратегиско планирање, предвидување на туристичката побарувачка и туристичка промоција.

Во текот на својата професионална работна кариера, д-р Билјана Петревска има покажано завиден интерес за научната и стручната работа. Тоа јасно се гледа од материјалите доставени до Комисијата, презентирани преку список на награди, признанија, сертификати, вклученост во проекти и список на објавени трудови.

***Учество на симпозиуми, конференции и семинари***

- Меѓународна конференција „За професионална, ефикасна и ефективна администрација", NISPAcee, Љубљана, 11-13 мај 2006.
- Семинар "Strengthening the Function and Competencies of the Local Government" , Confidence Building Measures Programme - Council of Europe, Охрид, декември 2001.
- Семинар "Capacity Building for an Inclusive Participative Democracy", EU Micro Projects, Охрид, јуни 2001.
- Семинар "Strengthening the Process of Local Democracy in the Region of Ohrid and School of Civil Society", Congress of Local and Regional Authorities - Council of Europe, Охрид, ноември 2000.
- Семинар "Capacity Building for Democracy: Local Elected Leadership and Communication Skills", LGI - Budapest, Охрид, мај 2000.
- Меѓународен симпозиум „Економски и правни аспекти на туризмот", Факултет за туризам и угостителство - Охрид, Охрид, 21-22 октомври 1999.
- Меѓународен симпозиум „Алтернативите на развојот: економски и социјални аспекти на промените во земјите во транзиција од Југоисточна Европа", Прилеп, 16-18 декември 1998 г.
- Меѓународен конгрес „Хотелска куќа 98", Опатија, 5-7 октомври 1998 г.
- Меѓународен симпозиум „Еколошки и социопсихолошки аспекти на туризмот", Охрид, 27-28 ноември 1997 г.
- Семинар "Promoting the Multicultural Values within the Multiethnic Democratic Society", Совет на Европа, Охрид, ноември 1997 г.
- Семинар "Capacity Building for Democracy", Совет на Европа, Охрид, декември 1997 г.

***Научни и стручни трудови***

- „Економско планирање на развојот на туризмот во Македонија", докторски труд, Економски факултет - Скопје, мај 2010 г.
- „Примена на стратегиското планирање во туристичкото стопанство на Република Македонија", магистерски труд, април 2001 г.
- „Еврото и туризмот", Меѓународен симпозиум „Економски и правни аспекти на туризмот", Факултет за туризам и угостителство - Охрид, 21-22 октомври 1999 г., Охрид.
- „Сигурност у туризму" (рецензија за книга), Туризам. Vol. 47 бр. 1-88, 1999.
- „Придонесот на туризмот во економскиот раст на Република Македонија", Меѓународен симпозиум „Алтернативите на развојот: економски и социјални аспекти на промените во земјите во транзиција од Југоисточна Европа", 16-18 декември 1998, Прилеп.
- "Transformation of the tourism and hospitality industry in Macedonia" (во коавторство), Hotel in Tourism Destination, 14$^{th}$ Biennial International Conference - Хотелска куќа 98, 5-7 октомври 1998, Опатија.

– „Предизвици на екотуризмот“, Меѓународен симпозиум „Еколошки и социопсихолошки аспекти на туризмот“, 27-28 ноември 1997, Охрид.

***Учество во проекти, работни групи и обуки:***

– Член е на работна група за подготовка на Национална стратегија за обука на локалната администрација 2006-2010 г., усвоена од Собранието на Република Македонија во февруари 2006.
– Член на работна група за подготовка на насоките за подготвување на Годишна програма за обука на ЕЛС, јануари 2006.
– Член на работна група за дефинирање на методологија за подготовка на Националната стратегија за обука на локалната администрација 2006-2010, септември 2005.
– Студиски престој во балтичките земји: Размена на искуства околу функционирањето на системите за обука во Литванија и Естонија, септември 2005.
– Член на работна група за спроведување сеопфатна Проценка на потребите од обука во ЕЛС, февруари 2005.
– Обука на работното место за Анализа на потребите од обука, спроведена од меѓународен експерт од Естонија, јануари 2005.
– Обука на работното место за Стратегиски пристап и применета методологија за анализа на потребите од обука, спроведена од меѓународен експерт од Советот на Европа, октомври 2004.
– Стручен консултант при организирање и спроведување на пописот на населението на РМ во Општина Охрид, 2002.
– Серијал од четири циклуси стручни презентации на локални радиостаници, поддржано од Совет на Европа, јануари-март 2000.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката **д-р Билјана Петревска** ги исполнува сите суштински и законски критериуми, како и критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за да биде избрана за наставник на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Кандидатката има соодветно образование, многубројни признанија и се афирмирала преку научните и стручни трудови објавени во земјава и во странство.

Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика **да ја избере д-р Билјана Петревска за насловен доцент по наставно-научното подрачје економски науки** на Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Нако Ташков, с.р.**
**Доц. д-р Круме Николовски, с.р.**
**Доц. д-р Златко Јаковлев, с.р.**

## ПРИЛОГ

**Табела за вреднување на активностите на д-р Билјана Петревска, доктор по економски науки, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Ред. број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство | |
| **Наставно-образовна дејност** | | | | |
| 1. | Рецензент на учебник, скрипта и сл. | 1 | | 1 |
| 2. | Научно-популарна статија во весник, учество во образовна РТВ програма | 4*0,5 | | 2 |
| 3. | Раководител на семинар | 6*2 | | 12 |
| | **Вкупно:** | **15** | | |
| **Ред. број** | **Вид активност** | **Поени** | | **Вкупно** |
| | | **во земјата** | **во странство** | |
| **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | | | | |
| 1. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 3*1 | 2 | 5 |
| 2. | Секциско предавање на научен собир | | 4 | 4 |
| 3. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | 3*1,5 | 2 | 6,5 |
| 4. | Одбранета докторска теза | 8 | | 8 |
| 5. | Одбранета магистерска работа | 4 | | 4 |
| 6. | Учесник во научен проект | 4*2 | | 8 |
| | **Вкупно:** | **35,5** | | |
| **Ред. број** | **Вид активност** | **Поени** | | **Вкупно** |
| | | **во земјава** | **во странство** | |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | | |
| 1. | Пленарно предавање на стручен собир | 6*2 | | 12 |
| 2. | Стручни награди и признанија | 4*4 | | 16 |
| 3. | Студиски престој во странство | | 8 | 8 |
| | **Вкупно:** | **36** | | |
| | **Вкупно:** | **86.5** | | |